# План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС)

за

## *“Проект за локални патишта за поврзување”*

Република Северна Македонија



ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRY OF TRANSPORT AND COMMUNICATIONS

Август 2019

Документ:

План за вклучување на засегнатите страни за

**“Проект за локални патишта за поврзување”**

Република Северна Македонија

Август 2019

**Документот е изработен од експертскиот тим:**

**Славјанка Пејчиновска – Андонова, М-р инженер за животна средина**

# Содржина


1 Вовед ... 6

1.1 Опис на проектот ... 6

1.2 Цели на ПВЗС ... 6

1.3 Опсег и Структура на ПВЗС ... 7

2 Опис на проектот ... 9

3 Опис на административната, политичката и регулаторната рамка ... 10

3.1 Барања на Државното Законодавство ... 10

3.2 Социјални стандарди и стандарди за животна средина на Светска Банка за вклучување на засегнатите страни ... 12

3.3 Вклучување на засегнатите страни ESS10 ... 12

4 Преглед на претходните активности за Вклучување на засегнатите страни ... 13

5 Идентификување и анализа на засегнатите страни ... 14

5.1 Мапирање на засегнатите страни ... 14

6 Програма за вклучување на засегнати страни ... 22

6.1 Одговорност за имплементација на програмата за вклучување на засегнати страни ... 23

6.2 Предложена стратегија за објавување на информации ... 23

7 Механизам за поплаки ... 27

**7.1 Дневник за поплаки** ... 31

**7.2 Следење и известување за поплаки** ... 31

**7.3 Систем за надомест на жалби на Светска банка** ... 33

8 Аранжмани за спроведување за вклучување на засегнатите страни ... 33

8.1 Аранжмани за спроведување ... 33

8.2 Улоги и одговорности ... 33

9 Функции за управување ... 36

Листа на слики

Слика 1Патна мрежа во Република Северна Македонија....9

Слика 2 Идентификувана група на засегнати страни во рамките на проектот ПЛПП....15

Слика 3 Клучни прашања што треба да се дискутираат со различни групи на засегнати страни 19

Слика 4 Пакет за објавување на секој документ за Животна средина си општествени аспекти развиени под проектот *ПУЖСОА*....26

Слика5Чекори во постапката за поплаки....30

Листи на табели

Табела1 Релевантни засегнати страни и нивните одговорности за проектот ПЛПП....16

Табела 2 ПВЗС Техники за секоја група на засегнати страни....20

Табела3Услов за анализа на засегнатите страни и комуникација....34

**Листа со кратенки**

| | |
|---|---|
| АМСМ | Авто Мото Сојуз на Македонија |
| БЗР | Безбедност и здравје на работниците |
| ЕИП | Единица за имплементација ан проектот |
| ЕЛС | Единици на Локална Самоуправа |
| ЕСОА | Експер за социјали и општествени аспекти |
| ЗЕЛС | Заедница на Единиците на Локална Самоуправа |
| ЈП | Јавно Претпријатие |
| ЈПДП | Јавно Претпријатие за Државни Патишта |
| МТВ | Министерство за Транспорт и Врски |
| МФ | Министерство за Финансии |
| НО | Невладини организации |
| ОВЖС | Оценка на влијание врз животна средина |
| ПВЗС | План за Вклучување на Засегнатите Страни |
| ПЛПП | Проект за локални патишта за поврзување |
| ПУЖСОА | План за управување со животната средина и општествените аспекти |
| РМ | Република Македонија |
| РПС | РАМКА ЗА РАСЕЛУВАЊЕ |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СБ | Светска Банка |
| СВ | Службен Весник |
| УНП | Услуга за надоместок на поплаки |
| АМСМ | Авто Мото Сојуз на Македонија |
| БЗР | Безбедност и здравје на работниците |

# 1 Вовед

## 1.1 Опис на проектот

Овој документ е План за Вклучување на засегнати страни (ПВЗС) кој го опишува планираниот процес на вклучување на засегнатите страни и консултација, кои се имплементирани во рамки на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан. Проектот е поттикнат од страна на Владата заедно со Министерството за транспорт и врски, со цел да се поддржат Општините во решавање на проблемот со локалните патишта базирано на барањата на законодавството на Република Северна Македонија, како и на Светска Банка, кои ја разгледуваат можноста за финансирање на Проектот.

Министерството за транспорт и врски предлага распределба на средства од Светска Банка за имплементирање на следните активности:

- надградба на земјени патишта/улици
- реконструкција на постоечки локални патишта/улици
- рехабилитација на постоечки локални патишта/улици
- мерки за заштита на пат
- мерки за климатска ранливост и стабилност на патиштата.

Сите погоре споменати активности ќе бидат дел од Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан и ќе вклучуваат само локални патишта на територијата на Република Северна Македонија.

Според сегашната ситуација, погодни ќе бидат улиците во руралните и урбаните средини, особено оние кои нудат квалитетен и безбеден пристап до училишта, здравствени установи, спортски центри, верски објекти, јавни институции, како и локални патишта кои поврзуваат село со село / град / населба.

Со цел да се адресираат потенцијалните социјални проблеми и проблеми со животната средина од Проектот, во согласност со барањата на Светска Банка Проценка и управување со животната средина и социјалните стандарди, Министерството за транспорт и врски како одговорно национално тело има изработено Рамка за управување со животна средина и социјални прашања, како и Рамка на политиката за раселување  (РПС), за целиот проект.

Според државното законодавство, за под-проектите ќе бидат изработени Оцени на влијание врз животната средина, а според барањата од Светска Банка за “Проекти со значителен ризик” ќе биде изработен План за управување со животната средина и општествените аспекти (ПУЖСОА)и План за управување со животната средина и општествените аспекти со листа за проверка (ПУЖСОА со листа за проверка ) за “Проектите со умерен ризик”. Овие инструменти ќе обезбедат навремена идентификација на можните социјални ризици/влијанија како и ризици/влијанија врз животната средина, а соодветни мерки за избегнување или ублажување ќе бидат предложени и имплементирани за време на конструктивната фаза.

## 1.2 Цели на ПВЗС

Вклучување на засегнатите страни е инклузивен процес спроведен низ животниот циклус на проектот. Каде што е соодветно дизајниран и имплементиран го поддржува развојот на силни, конструктивни и одговорни врски кои се важни за успешно менаџирање на социјалните и ризиците поврзани со животната средина. Навремената и честата комуникација со засегнатите

страни, помага да се избегнат ризиците, потенцијалните конфликти и одложувања на проектот. Додатно, планот помага во управувањето со очекувањата на засегнатите страни кои ќе влијаат низ животниот циклус на проектот. Оттука, овој ПВЗС обезбедува план за ефективна интеракција со засегнатите страни за да се поддржат интересите на проектот.

Целите на овој ПВЗС се идентификација на засегнатите страни во различни фази од развој и утврдување на нивните правила за размена на информации помеѓу ЕИП и засегнатите страни, во рамки на националната регулатива и барањата на Светска банка.

Целите на ПВЗС се да се претстави како Министерството за транспорт и врски/ЕИП планира да комуницира со засегнатите страни врз кои проектот може да има влијание, или ќе бидат заинтересирани за ПОТТЗБ, низ животниот циклус на проектот. Исто така, ги опишува механизмите за поплаки, процес кој засегнатите страни можат да го користат да ги изразат своите грижи околу Проектот преку давање свои мислења кои можат да влијаат врз имплементацијата на Проектот и неговите резултати.

Целта на овој ПВЗС е да го зголеми учеството на засегнатите страни низ ПОТТЗБ, и да изведе вклучување на засегнатите страни во линија со законите на Република Северна Македонија, како и барањата на Светска Банка. ПВЗС ќе има многу битна улога во успешно имплементирање на ПОТТЗБ.

Се на се, ПВЗС служи за следните цели: а) идентификација и анализа на засегнатите страни; б) модалитети за вклучување при планирање и ефективни алатки за комуникација за консултации и транспарентност; и в) овозможување на платформи за влијание врз одлуките; г) дефинирање на улогите и одговорностите при имплементирање на Планот; д) механизам за поплаки.

Планот за вклучување на засегнатите страни ќе биде објавен пред почетокот на проектните активности.

## 1.3 Опсег и Структура на ПВЗС

Овој документ е општ ПВЗС со општи упатства за како да се вклучи јавноста во сите фази од проектите, од нивно одобрување па се до нивна имплементација. Анексите ќе дадат релевантни информации за секаков интерес од страна на општините да се вклучат во ПОТТЗБ.

Опсегот на ПВЗС ќе биде даден во поглавјето ESS10 на Светска Банка. Вклучувањето на засегнатите страни ќе биде планирано како битен дел од проценката на социјалните и влијанијата врз животната средина и дизајн на проектот и негова имплементација.

Планот за вклучување на засегнатите страни се состои од следниве Поглавја:

1. Опис на проектот
2. Опис на административната, политичката и регулаторната рамка
3. Претходни активности на вклучување на Засегнатите страни
4. Идентификација и анализа на засегнатите страни
5. Програма за вклучување на засегнатите страни
6. Ресурси и одговорности за имплементирање на Планот за вклучување на засегнатите страни

7. Механизам за поплаки

8. Мониторинг и известување

***Надополнување на ПВЗС***

По селектирање на под проект, ќе биде извршено ажурирање на ПВЗС (ќе биде вклучен во Анекс на општиот ПВЗС), фокусирајќи се на конкретна Општина/и и ќе бидат закажани Јавни расправи, ќе биде објавена содржината и механизмите за вклучување на засегнатите страни.

## 2 ОПИС НА ПРОЕКТОТ

**Преглед на патната мрежа во Република Северна Македонија**

Државните и регионалните патишта ги поврзуваат околните држави преку Коридорите VII и X, со што се зголемува протокот на возила.

Според Законот за Јавни Патишта, патната мрежа административно е поделена на државни, регионални и локални патишта. Државните и регионалните патишта се под надлежност на Агенцијата за Јавни Патишта, додека локалните патишта се под надлежност на Општините или Град Скопје, односно Единиците на Локална Самоуправа.

Вкупната должина на патната мрежа во Република Северна Македонија е 13.186 километри, од кои 8.496 километри се локални патишта. Мапата со патната мрежа е покажана на Слика 1.




(Извор: Просторен план на Република Северна Македонија)

Слика 1Патна мрежа во Република Северна Македонија

Транспортниот сектор е карактеризиран како сектор со лоша состојба на локалната патна мрежа, недоволно финансирање на одржување на патиштата, слабо интернационално инвестирање во дистрибутивниот и транспортниот сектор и слично. Оваа лоша состојба на локалните патишта е резултат на недостаток од финансиски капацитет на Единиците на локална самоуправа, кој значително се разликува од регион до регион во државата. Некои локални патишта во руралните средини се во недозволива состојба, без пристап до здравствени установи, училишта и пазари, па затоа овој проблем со себе носи и социјални проблеми.

Многу Единици на локална самоуправа во изминативе години го адресираа овој проблем до Владата со цел да се изнајде решение за да се помогне со финансирање на изградба, реконструкција, одржување и дизајнирање на одржливи сообраќајни решенија на локалните патишта. Владата, со цел да ги поддржи Општините во оваа област, во последните неколку години имплементираше неколку проекти за изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта.

Министерството за транспорт и врски предлага распределба на средства од Заемот (70 милиони евра) од Светска Банка со цел да се финансира реконструкција и рехабилитација на постоечки патишта, подобрување на постоечки земјени патишта/улици во асфалтирани патишта, воведување на безбедносни мерки на патиштата како патеки за пешаци покрај една или двете страни на улиците/локалните патишта, осветлување на улиците, изградба на дренажни системи и слично, како и мерки кои ќе ги адресираат климатските ранливости и стабилноста на патиштата.

ПОТТЗБ ќе поддржи различни активности, во зависност од типот на под-проектот кој е поднесен од страна на Единиците на локална самоуправа, како што се:

- изградба/подобрување на постоечки локални земјени патишта/улици
- подобрување на почвата, вградување на камен материјал, поставување на тампон слој
- изградба на корита, рамената, изградба на дренажни канали за вода од бура, асфалтирање на патот;
- Изградба на потпори, изградба на дренажни канали за врнежи, асфалтирање на патот
- реконструкција на постоечките локални патишта/улици
- мали корекции, проширувања, исправувања на патот како и асфалтирање
- рехабилитација на постоечки патишта/улици;
- подобрување на состојбата на патот бе менување на основните функционални карактеристики – отстранување на оштетен асфалт, чистење на каналите за вода, асфалтирање итн.
- мерки за заштита на пат (на пример поставување на сигнализација, изградба на пешачки патеки, поставување на електрични кабли, патеки до автобуска станица, урбана опрема итн.
- Изградба на канали/дренажи за вода на патиштата како и подобрување на стабилноста на мали мостови на локални патишта/улици.

За сите погоре спомената активности временската рамка за нивна имплементација е различна.

Проектните активности спаѓаат во “Проекти со значаен ризик” и “Проекти со умерен ризик” според категоризацијата на ризици од страна на Светска Банка.

**Овој проект нема да финансира активности за изградба на нови локални патишта/улици.**

# 3 Опис на административната, политичката и регулаторната рамка

## 3.1 Барања на Државното Законодавство

Според законот за Животна средина[1], објавата и консултациите треба да се извршат за време на изработка на Оцената на влијание врз животната средина. Процедурите за објава и консултации треба да го содржат следниве чекори:

- **Јавноста да биде информирана преку медиумите за објавата на првичната верзија од**

[1] Сл. весник Република, Бр. 53/2005, со најновите измени во 99/18

**планот/документот (каде има верзија која може да се прегледа, како и датумот и времето кога може да се прегледа истата); граѓани/организации се поканети да испратат свој коментари и/или да присуствуваат на јавни расправи;**

- **Јавни расправи се одржуваат во соодветен локален објект каде што е презентиран планот/документот.**
- **Коментарите добиени од страна на засегнатите страни се процесирани, и планот/документот се ревидираат со цел да се вклучат коментарите.**

| |
|---|
| Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан спаѓа во категоријата на активности за кои што треба да се изработи Елаборат за животна средина, па затоа за проектите од пониски категории, според Државното законодавство јавна објава и консултации не се задолжителни |

За времетраење на процесот на развој и усвојување на документи за урбано и просторно планирање (кој е во рамки на Законот за урбано и просторно планирање[2]), јавноста исто така мора да биде информирана.

Според Законот за градење (Службен весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 150/13, 163/13, 27/14, 28/14) – Одлука за Одобрување на Оцената на влијание врз животната средина е предуслов за одобрување на инфраструктурни проекти.

Член 16 од Уставот на Република Северна Македонија гарантира "пристап до информации, како и слобода за примање и пренесување на информации".

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр. 13/06, 86/08, 06/10, 42/14) дозволува индивидуи и правни лица да добијат информации од државни и општински тела и сите они кои вршат јавни функции.

Во 1999 година, Република Македонија ја ратификуваше **Архуската конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесувањето одлуки и пристап до правда во животната средина.** Конвенцијата Архус ги доделува јавните права во врска со пристапот до информации, учество на јавноста и пристап до правда, во владините процеси на донесување одлуки за прашања поврзани со локалното, националното и преку граничното опкружување. Во член 2 (в) од Конвенцијата се вели дека Конвенцијата се однесува не само на владата на сите нивоа, туку и на „сите други физички или правни лица кои имаат јавни одговорности или функции, или обезбедуваат јавни услуги, во однос на животната средина, под контрола на [јавен орган]. "Во согласност со Конвенцијата, компанијата е должна: да одговори на барањата од јавноста за информации за животната средина (кој било член на јавноста може да поднесе барање, без оглед на државјанството, националноста или престојот); редовно собира и открива информации за животната средина за јавноста и ја известува јавноста дека информациите се достапни; и да обезбеди информации за итни случаи.

Во 1999 година, Македонија го ратификуваше **Aarhus Convention on Access to Information, Public Participation in Decision Making and Access to Justice in Environmental Matters.** Оваа конвекција и дава право на јавноста до пристап на јавни информации, вклучување во јавноста и пристап до правда, во Владини процеси за донесување на одлуки кои ја засегаат локалната,

[2] О.Г. на Македонија, број 199/14, со последните измени во 163/16 година

државната и прекуграничната животна средина. Членот 2(c) од Конвекцијата вели дека таа важи не само

## 3.2 Социјални стандарди и стандарди за животна средина на Светска Банка за вклучување на засегнатите страни

Светска Банка има развиено Рамка за управување со животна средина и социјални прашања, со што ја покажа своја својата посветеност за одржлив развој, преку Bank Policy и Стандарди за животна средина и социјални стандарди кои се направени да ги поддржат проектите, со цел да се стави крај на сиромашноста и да се промовира заеднички просперитет. Социјалните и стандардите за животна средина ги поставуваат задолжителните барања кои се однесуваат на Заемопримачот и проектите. Тие претставуваат пакет на задолжителни инструкции со главна цел да се поттикне ефективна идентификација и ублажување на потенцијалните социјални и влијанија врз животната средина кои можат да се појават со развој на проектите, преку правилно вклучување на засегнатите страни и одржливо управување.

## 3.3 Вклучување на засегнатите страни ESS10

Еден од воспоставените стандарди на СБ што Заемопримачот и потпроектите ќе ги исполнат во текот на животниот циклус на проектот е ЕСС 10, „Ангажирање на засегнатите страни и обелоденување информации“, кој ја препознава „важноста на отворено и транспарентно ангажирање помеѓу Заемопримачот и засегнатите страни од проектот како суштински елемент на добрата меѓународна практика “. Поточно, барањата утврдени со ESS 10 се следниве:

- Заемопримачот ќе се вклучат заедно со засегнатите страни за времетраење на проектот, започнувајќи што побрзо со што би се овозможиле значајни консултации со засегнатите страни при дизајнирање на проектот. Природата, опсегот и фреквенцијата на вклучувањето на засегнатите страни ќе биде пропорционално со природата и големината на проектот, како и потенцијалните ризици и влијанија од истиот.
- Заемопримачот ќе имаат консултации со сите засегнати страни. Тие ќе им овозможат навремени, релевантни, разбирливи и достапни информации на засегнатите страни, и ќе се консултираат со нив на културен и соодветен начин, кој не вклучува манипулација, вмешување, принуда, дискриминација и заплашување.
- Процесот на вклучување на засегнатите страни, како што е прикажано во овој ESS, ќе вклучува: (i) Идентификација и анализа на засегнатите страни; (ii) планирање на начинот на кој што ќе се изврши вклучувањето на засегнатите страни; (iii) објавување на информации; (iv) консултации со засегнатите страни; (v) одговор на поднесените поплаки; и (vi) известување на засегнатите страни
- Заемопримачот ќе води и објавува документ со податоци за вклученоста на засегнатите страни, вклучувајќи опис на засегнатите страни кои се консултирани, добиените повратни информации, кратко објаснување за како добиените повратни информации се земени во обзир или причините поради кои не се земени во озбир (Светска Банка, 2017: 98)

Заемопримачот е потребно да изработи План за вклучување на засегнати страни кој е пропорционален со големината и природата на проектот, како и ризиците и влијанијата од имплементирање на истиот. Треба да биде објавен што е можно порано, и Заемопримачот треба побара мислењата на засегнатите страни за ПВЗС. Ако се извршени значителни промени на ПВЗС, Заемопримачот е потребно да го објави променетиот ПВЗС.

# 4 Преглед на претходните активности за Вклучување на засегнатите страни

Со цел да се одредат приоритетите за унапредување и инвестирање во патна инфраструктура, Република Северна Македонија во 2018 изработи Национална Транспортна Стратегија.

Националната Транспортна Стратегија беше јавно достапна пред усвојувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија во Декември 2018 година. Министерството за транспорт и врски одржа јавна расправа за Националната Транспортна Стратегија со цел да се добијат коментари од јавноста, од кои релевантните коментари да се внесат во документот. Паралелно со изработката на Националната Транспортна Стратегија, Министерството за транспорт и врски исто така спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

Главните приоритети кои произлегуваа од Националната Транспортна Стратегија беа инвестирањето во локална патна инфраструктура која е во многу лоша состојба. Овој заклучок беше причината поради која што Владата на Република Северна Македонија започна со подготовка и имплементација на ПОТТЗБ.

Во врска со имплементирањето на ПОТТЗБ, Министерството за транспорт и врски организираше неколку средби со сите општини во Април 2019 со цел да се запознаат со ПОТТЗБ.

Министерството за транспорт и врски припреми Известување и Агенда за средбите на 18.04.2019, 19.04.2019 и 23.04.2019. Во текот на овие 4 дена, имаше многу присутни претставници на општините и сите беа задоволни и заинтересирани за проектните активности, и им беа претставени обврските кои ќе ги имаат самите општини, како и динамиката со која проектните активности ќе бидат имплементирани.

За време на средбите, претставниците од Министерството за транспорт и врски ги известија претставниците од Општините за целта на ПОТТЗБ, потенцијалната селекција и критериуми, финансирање на проектот, имплементација на проектот, како и обврските на Општините за време на имплементацијата на истиот. Општините треба да изготват проектна документација, да номинираат Проектен Менаџер од своите редови кој ќе биде задолжен за надгледување во својство на Општината и кој ќе присуствува на редовните средби за утврдување на прогресот. Претставниците од Општините главно беа заинтересирани за типовите на под-проектни активности кои се погодни за финансирање, активности за санирање на штетите на локалните патишта кои се настанати како резултат на климатска ранливост (поплавени патишта, нестабилност на одредени мали локални мостови и слично), проблеми со безбедноста на патиштата, како и решавање на проблеми со експропријација.

# 5 Идентификување и анализа на засегнатите страни

Поглавјето ESS 10 на Светска банка засегнатите страни ги дели на:

- **Засегнати страни од самиот Проект и**
- **Други заинтересирани страни**
- **Обесправени/ранливи лица или групи;**

Засегнатите страни од проектот се оние кои ќе бидат директно засегнати поради влијанија или потенцијални ризици врз нивната физичка околина, здравје, безбедност, практики, благосостојба или егзистенција. Овие засегнати страни може да бидат индивидуалци или групи, вклучувајќи ги и локалните заедници. Тоа се индивидуи или домаќинства кои најверојатно ќе осетат промени од социјалните влијанија и влијанијата врз животната средина со имплементирање на проектот.

Под поимот Други заинтересирани страни се мисли на: индивидуи, групи, или организации кои имаат интерес во проектот, кој може да биде поради проектната локација, нивниот карактер и влијанија, или работи поврзани со јавниот интерес. На пример, тоа можат да бидат регулатори, Владини претставници, приватниот сектор, научната заедница, академици, унии, женски организации, други граѓански организации, како и културолошки групи.

Посебно важно е да се разберат влијанијата од проектот и да се утврди дали тие непропорционално паѓаат на грбот на ранливите лица или групи, кои често не можат да ги изразат своите грижи или да ги разберат влијанијата од проектот.

Ранливи лица или групи за ПОТТЗБ – (луѓе со низок социјален стандард – невработени лица, самохрани родители, лица со попреченост, стари лица, Роми, индивидуални земјоделци) од засегнатите Општини и околни населби. Оваа група на луѓе најчесто се информирани за проектните активности преку претставници на нивните населби во општински или локални совети, локални заедници и општини. Неопходно е да се направи анализа на секоја општина посебно за начинот на кој што ранливите групи ќе бидат претставени, постоењето на Невладини организации, медицински лица кои работат со луѓето со попреченост, и потоа да се чуе мислењето на лицата од ранливите групи за проектните активности, како и да се применат соодветни мерки согласно потребите на овие лица. Главната одговорна институција за имплементација на овој проект, Министерството за транспорт и врски, во изминатиот период одржа средби само со претставниците на скоро сите локални самоуправи во државата.

## 5.1 Мапирање на засегнатите страни

Засегната страна е дефинирана како индивидуа/институција врз која влијае проектот и која исто така може да влијае врз проектот.

Со цел да се дефинира процесот на комуникација со засегнатите страни, идентификувани се неколку групи кои може да бидат заинтересирани и/или засегнати од имплементацијата на проектот и се претставени во Прилог 2.

Причината поради која постојат различни типови на засегнати страни е тоа што различни проблеми различно влијаат па затоа се поделени врз основа на влијанијата од самиот проект.

Раното откривање на влијанијата или поврзување на група од засегнати лица со проектот помага во идентификувањето на главните цели во вклучувањето. За таа цел, беше извршено мапирање на засегнатите страни за да се одреди нивната важност, го одредува влијанието кое засегнатите страни го имаат врз проектот и/или начинот на кој што проектните активности би влијаеле врз нив. Како што тече проектот можно е да се откријат нови засегнати страни.




**Слика 2** Идентификувана група на засегнати страни во рамките на проектот ПЛПП

Засегнатите страни имаат свои одговорности според кои тие се поделени во посебни групи, за секоја група се опишани различни одговорности во следната табела.

**Табела1 Релевантни засегнати страни и нивните одговорности за проектот ПЛПП**

| Категорија на засегнати страни | | По-група/ Одел, сектор | Одговорности |
|---|---|---|---|
| Засегнати страни | **Владини и регулаторни тела и јавни компании** | Министерство за транспорт и Врски,<br>Министерство за локална самоуправа<br>Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,<br>Министерство за финансии,<br>Министерство за култура,<br>Министерство за труд и социјала,<br>Министерство за внатрешни работи,<br>Државен инспекторат за труд,<br>Државен инспекторат за животна средина,<br>Јавно претпријатие за државни патишта<br>Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта „Македонија пат "<br>ЗЕЛС | - Обезбедување на правилно и ефикасно спроведување на проектот SSIP во однос на националното законодавство и барањата на СБ<br>- Подигање забелешки за градежните активности,<br>- Обезбедување безбедност за време на градежните активности,<br>- Обезбедување заштита на животната средина за време на извршувањето на работата.. |
| Засегнати страни | **Заедница** | Жители на општините / населбите каде ќе се извршат проектните активности<br>Земјоделци<br>Корисници на земјиште<br>___<br>Изведувачи за градба / реконструкција / надградба /рехабилитација<br>Добавувачи на стоки и услуги<br>Транспортни работници<br>___<br>Луѓе со инвалидитет / ранливи групи (лица со низок социјален стандард - невработени лица, самохрани родители; лица со посебни потреби, стари лица, Роми, индивидуални земјоделци) | - Поддршка на МТВ за ефикасно спроведување на ПВЗС,<br>- Активно учество за време на спроведувањето на проектот.<br>___<br>- Имплементација на добра градежна практика, мерки за БЗР и заштита на животната средина,<br>- Брза интервенција и елиминација на последиците од неповолни инциденти,<br>- Ефикасно и навремено извршување на градежните работи.<br>___<br>- Изразување на нивните мислења, предлози и конкретни предлози за време на спроведувањето на проектните активности |

| | Категорија на засегнати страни | По-група/ Одел, сектор | Одговорности |
|---|---|---|---|
| **Други заинтересира** | Невладини организации и професионални организации | Национални и локални невладини организации од областа на животната средина | Следејќи ја имплементацијата на Проектот ПЛПП и предизвикувајќи загриженост во врска со животната средина и социјалните проблеми што треба да се надминат |
| **Засегнати страни** | Локални и регионални власти | ЗЕЛС<br>Општини<br>Локални заедници<br>Јавни претпријатија<br>Подружници на засегнатите министерства и институции / ЈП<br>Локален инспекторат за труд,<br>Локален инспекторат за животна средина<br>Ургентни служби | - Поддршка на МТВ и ЕИП за ефикасно спроведување на ПЛПП,<br>- Усвојување на техничка документација за реализација на проектот,<br>Издавање на Одлука за одобрување на извештајот за ОВЖС / елаборат,<br>- Надзор на градежните активности,<br>- Обезбедување на соодветен пристап на населението до нивните домови,<br>- Обезбедување алтернативни патишта при извршување на проектните активности,<br>- Обезбедување на целосна имплементација на БЗР и еколошките стандарди за време на градежните активности. |
| **Засегнати страни** | **Финансиски институции и приватни компании** | Светска банка<br>Финансиски институции<br>ЕВН Македонија (компанија за дистрибуција на електрична енергија)<br>Мобилна операторна мрежа<br>Добавувачи на опрема<br>Транспортери<br>Изведувачи / даватели на консултантски услуги | - Давање финансиска поддршка за реализација на проектот,<br>- По спроведувањето на БЗРи еколошките стандарди во сите фази на проектот,<br>- Учество на јавноста според СБ ESS 10,<br>- Имплементација на БЗР и еколошките стандарди во сите фази на проектот. |
| **Засегнати страни** | **Други заинтересирани засегнати страни** | Медиуми<br>Јавноста<br>Работници<br>Здруженија на транспортните компании на Република Македонија „МАКАМ-ТРАНС“<br>Стопанска комора на РНМ - Македонско здружение за транспорт АМСМ - Авто мото сојуз на Македонија<br>ЈП „Македонски шуми“<br>ЈП “Македонски железници” | Публицитет на проектот преку ТВ станица, радиостаница, социјални медиуми, весник<br>Давање информации за динамиката на изведување на проектните активности,<br>Давање информации за одложувања на одредени локални патишта за време на извршувањето на проектните активности,<br>Професионално и ефикасно извршување на проектните активности во согласност со план за динамика |

Списокот на засегнатите страни ќе се ажурира во текот на имплементацијата на проектот и истите ќе бидат вклучени во документот ПВЗС.

МТВ ќе ги дискутира различните прашања со секоја група на засегнати страни во зависност од нивната улога, одговорност и важноста како засегнат. Следната табела ги содржи главните теми што ќе се дискутираат со различни заинтересирани страни

**Слика 3** Клучни прашања што треба да се дискутираат со различни групи на засегнати страни

### Заедница

* Информации за природата на Проектот, времетраењето на Проектот, потенцијалните влијанија врз животната средина, социјалните и економските влијанија.
* Достапни формулари за поплаки и забелешки.
* Можна опструкција ан влезовите во домовите на жителите.
* За време на активности за надградба / реконструкција / рехабилитација, машините и тешките возила на локалните патишта ќе создадат бучава што може привремено да влијае на локалното население.
* Дискусии за безбедност во сообраќајот.
* Информации за користење на патот со цел прилагодување на новите услови.
* Состаноци со одговорните лица од ОСП за поднесување на поплаку/сугестии
* Предлагање на отворен ден во ОСП за граѓани и други заинтересирани страни
* Прашања за конпензација

### Релевантни владини органи, министерства и јавни институции

* Усогласеност со националните регулативи (ОВЖС процедура)
* Планирање и подготовка на техничка документација
* Издавање дозволи, согласности и мислења во согласност со локалното законодавство, контрола на усогласеност со националното законодавство
* Заштита на животната средина и БЗР
* Здравје и безбедност на работниците и локалното население
* Имплементација на мерки за спречување на загадување од проектите
* Инспекции на градилиштата
* Подршка на локалната економија преку ангажирање на МСП од локалните заедници во рамките на проектите
* Зголемена локална и регионална економија преку подобрен патна инфраструктура.

### Заинтересирани невладини организации (НВО)

* Дискусија за мерките за спречување на загадувањето и заштитата на животната средина и здрављето на луѓето
* Одржливо користење на природните ресурси
* Организирање состаноци за јавни консултации и индивидуални консултативни состаноци, како што е потребно, за вакви проблеми
* Секоја организација заинтересирана за Проектот може да ги испрати своите детали за контакт до ОСП да бидат во Табелата на невладини организации и да бидат дирекно известени за настаните во проектот.
* Здравје и безбедност на заедницаат
* Вработување на локално население од од населбите во околината ан проектите локации

### Вработени од страна на Изведувачи / подизведувачи во текот на фазата на изградба

* Безбедни и здрави услови за работа
* Процедури за труд
* Квалитет на работата
* Обврска да им се обезбеди заштитна лична опрема на работниците
* Достапни обрасци за поплаки за поднесува на какви било поплаки од работниците
* Услови за вработување, вклучувајќи плати, часови за работа,, надоместок за преку работни часови, какви било придобивки( одмор на болес или одмор)

---

* Развој на инфраструктура на локално и регионално
* Времетраење на градежните работ
* Можни одложувања на работата
* Алтернативни патишта за време на градежните активности

### Изведувачи или подизведувачи за градежништво, следење и надзор на работите и нивните вработени

* Изградба според главните дизајни и почитување на мерките пропишани во документите во врска со заштитата на животната средина, Здравствените работи и работните услови за проектот
* Постапки за тендери и релевантни прашања
* Здравје и безбедност при работа (БЗР за сите вработени на лице место, дозвола за работа или возење на специфични возила, обуки за прва помош, комплети за прва помош на лице место, опрема за противпожарна заштита, итн.)
* Комуникација со локалните граѓани за проблемите поврзани со градежните активности (на пример можни одложувања и алтернативни патишта за време на градежните активности, брзина на возење, безбедност на возилото, бучна механизација и сл.)
* Правилна сигнализација на проекната локација
* Известување

Различни методи на комуникација ќе се користат како што е соодветно за секој сет на засегнати страни. Во принцип, овие ќе бидат вклучени: а) Јавни и индивидуални состаноци, b) Известувања во медиуми, c) Обезбедување на општи податоци на информативни табли на јавни локации. d) Редовна комуникација по пошта и е-маил и и објавување на релевантни информации за проекти на веб-страницата на Министерството за транспорт и врски.

За различни групи на засегнати страни, различни техники ќе се користат во сите фази на проектот и тие детално се опишани во Табела 2 Табела 2.

**Табела 2** ПВЗС Техники за секоја група на засегнати страни

| Група на засегнати страни | Техника на вклучување | Фаза на проектот |
|---|---|---|
| **Заедница** | ▪ Објавување на информации за обемот, времето и времетраење на планираните работи и какви било очекувани нарушувања и непријатности на моменталната состојба , на централната огласна табла во експозитурите на општините најмалку две недели пред почеток на билокакви градежни работи, | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности |
| | ▪ Јавни состаноци за консултации, и индивидуални состаноци ако се потребни, | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Информирање преку медиуми-радио/телевизија/социјални мрежи( известувања), | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Дирекни информации преку локална власт<br>▪ Комуникација преку огласни табли ( поставени на соодветни места) и објавување информации на нив | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на реконструкцијата / рехабилитацијата на улици/ патишта |
| | ▪ Групни состаноци со жителите/домажините | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на реконструкцијата / рехабилитацијата на улици/ патишта |
| | ▪ Дирекна комуникација со жителите, компаниите итн. | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности |

| Група на засегнати страни | Техника на вклучување | Фаза на проектот |
|---|---|---|
| | | ▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на реконструкцијата / рехабилитацијата на улици/ патишта |
| | ▪ Дирекни информации преку контакт лице или лице одговорно за спроведување на ПВЗС. | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на реконструкцијата / рехабилитацијата на улици/ патишта |
| **Релевантни владини органи, министерства и јавни институции** | ▪ Официјална комуникација | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на реконструкцијата / рехабилитацијата на улици/ патишта |
| | ▪ Состаноци, јавни настани | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Состаноци во лице | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи |
| **Заинтересирани невладини организации (НВО)** | ▪ Состаноци за јавни консултации и индивидуални консултации, состаноци по потреба<br>▪ Директна е-маил комуникација<br>▪ Медиуми/ пресс известувања. | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на реконструкцијата / рехабилитацијата на улици/ патишта |
| **Вработените во компанијата и синдикатот** | ▪ Внатрешни комуникациски канали на Компанијата,<br>▪ Обуките се неопходни. | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности<br>▪ За време на градежните работи |
| **Изведувачи или подизведувачи за градежништво, следење и надзор на работите и нивните** | ▪ Информации преку тендеркска постапка и договори | ▪ Пред започнување со имплементација на проектните активности |
| | ▪ Комуникација преку инженери за надзор | ▪ За време на градежните работи |

| Група на засегнати страни | Техника на вклучување | Фаза на проектот |
|---|---|---|
| **вработени** | ▪ Разговори на градилиштата на здравствени и безбедносни теми | ▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Месечни извештаи за напредокот на работите што треба да ги извршат изведувачите за време на градежните работи | ▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Обуки. | ▪ За време на градежните работи |

Во текот на целиот живот на проектот, треба да се земат предвид етничката и културната разновидност на граѓаните, особено за нивното вклучување во проектот и организирање состаноци и јавни расправи

Пред секој настан за вклучување на заинтересирани страни, ќе се случат следниве активности:

- Избор на индивидуални засегнати страни кои ќе се вклучат;
- Избор на методи за откривање на информации (вклучително теми како формат, јазик и временски распоред);
- Избор на локација и време за настанот за вклучување (избегнување на зафатено работно време, што може да биде сезонско, и денови / периоди кога може да се појават специјални настани заради етнички и културни прашања);
- Механизми за договарање за да се обезбеди присуство на засегнатите страни на настан за нивно вклучување;
- Идентификација и примена на механизмите за повратна информација што треба да се користат.

# 6 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Активностите за вклучување на засегнатите страни ќе траат во текот на целиот животен циклус на Проектот, (фаза на подготовка, изградба и работење на проектот).

За ПЛПП заинтересираните страни ќе бидат ангажирани што е можно порано и ќе го продолжат ангажманот во текот на планирањето и спроведувањето сѐ додека проектот не заврши.

Природата и зачестеноста на консултации ќе бидат различни во зависност од тоа како ќе се развиваат под-проектите.

Пред започнувањето на Проектот за ПЛПП, сите засегнати страни ќе бидат информирани за обемот на проектот и информациите за контакт каде ќе можат да се обратат за дополнителни информации. Исто така, тие ќе бидат информирани за достапноста на јавно достапните информации на веб-страницата на МТВ, како и на информативните табли или веб-страниците на општините.

Клучни принципи ан комуникација се:

- Заедницата и клучните засегнати страни да бидат информирани однапред за прогресот на проектот
- Да се охрабри учество на заедницата.

- Да нема изненадувања за засегнатите страни и заедницата.
- Сослушување на повратните информации, истражување на предложите и нивно усвојување каде е можно.
- Транспарентност.

Тимот на ПЛПП проектот препознава дека да се биде отворен, да се сослушува заедницата и да се внимава заедницата да ги разбере предложените градежни методи и временски рокови е најефикасниот начин да се изгради ефективна врска со заедницата со цел да се минимизираат влијанијата на проектот.

Продуктивните односи со општините и специјалистот за животна средина и социјални аспекти ќе му помогнат на тимот на Проектот ПЛПП да ги минимизира влијанијата поврзани со проектот. Тимот на ПЛПП редовно ќе контактира со општините (Заемопримачи) за да разговара за работи што ќе влијаат на пристапот на пешаците, сообраќајот и паркирањето, урбаниот дизајн и други предмети што можат да бидат од интерес или да влијаат на локалната заедница

## 6.1 Одговорност за имплементација на програмата за вклучување на засегнати страни

Во рамките на МТВ ќе се формира Одделение за спроведување на проектот (ЕИП), кое ќе биде одговорно за целокупното спроведување на ПЛПП , вклучително и спроведувањето на оваа програма, под надзор на Заемодавателите. ЕИП ќе се состои од директор на проекти и службеници.

Експерт за животна средина и социјални аспекти дел од ЕИП е одговорно лице за спроведување на документот ПВЗС во текот на целиот циклус на Проектот и е надлежен за комуникација со заедниците.

Сите изведувачи одговорни за извршување на специфични активности на Проектот исто така ќе бидат задолжени да ги спроведат релевантните одредби на ПВЗС. Барањата на механизмот за жалби ќе бидат утврдени во тендерската документација и договорите потпишани со Изведувачите.

## 6.2 Предложена стратегија за објавување на информации

Министерството за транспорт и врски има намера да ги обезбеди сите релевантни информации за проектот ПЛПП за јавноста (социјалните медиуми, локалните ТВ и радио станици). Сите заинтересирани и засегнати страни ќе можат да ги најдат следниве документи на веб-страницата на МТВ (www.mtc.gov.mk/) и на веб-страницата на Општината (заемопримачот):

- ***План за управување со животна средина и општествените аспекти (ПУЖСОА);***
- ***Рамка на политика за раселување за ПУЖСОА;***
- ***План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) за ПУЖСОА вклучувајќи го и механизмот за поплаки;***
- ***Environmental and Social Due Diligence instruments that will be developed for each sub-project (План за управување со животна средина и општествените аспекти***

***ПУЖСОА/ План за управување со животна средина и општествените аспекти со листа за проверка- ПУЖСОА со листа за проверка);***

- ***План за заложба за животната средина (ПЗЖС).***

Овие документи ќе останат достапни за јавноста за времетраењето на Проектот. Додека ПВЗС периодично ќе ажурира.

Сите информации во врска со проектот ПЛПП ќе бидат достапни на веб-страницата на МТВ, исто така, на информативните табли на општините кои ќе служат како медиумски инструмент / канал за комуникација со локалните жители. Исто така, ќе бидат вклучени информации во врска со механизмот за жалби (види подолу). Засегнатите страни, вклучително и јавноста, исто така ќе можат да го користат механизмот за жалби. Понатаму, информациите во врска со постапката за жалби ќе бидат широко дистрибуирани во засегнатите општини и засегнатите локални заедници.

Информациите пред и за време на спроведувањето на проектот ќе бидат достапни преку брошури, во општините и регионите каде ќе се спроведат активностите. Повеќето од општините имаат локални  радиостаници, затоа, информациите ќе се пренесуваат преку овие радиостаници.

МТВ преку општините ќе биде одговорен за објавување на започнувањето на проектот, СЕП и ГРМ, така заедницата ќе биде запознаена со канали за да ги изнесе своите поплаки.

Во однос на барањата на СБ за заштита на животната средина за проектот кои се класифицирани со **значителен ризик**, ќе се изготви документ за ***ПУЖСОА*** , додека за проектите кои се класифицирани со **умерен ризик, *ПУЖСОА со листа за проверка*** ќе биде подготвен.

Подготвените документи во врска со заштитата на животната средина ***РУЖСОА*** и РПР и ***ПУЖСОА*** /***ПУЖСОА со листа за проверка*** ќе бидат јавно достапни на веб-страницата на МТВ за доставување коментари во рок од 14 дена.

Јавена расправа ќе биде организирана  за *РУЖСОА* и РПР и за под-проектите со значителни ризици / влијанија, подготвената ***ПУЖСОА*** ќе биде претставена на настанот за јавна расправа. Огласот за организирање на јавен расправа за нацрт верзија на ***РУЖСОА*** и РПР ќе биде објавен во два весника (македонски и албански јазик).

Настанот ќе биде организиран во текот на 14-дневниот период утврден за достапноста на документот ***РУЖСОА*** и РПР или ***ПУЖСОА***. Доколку е потребно, ќе се одржат посебни состаноци за да се осигури дека ангажманот на засегнатите страни е родово одговорно.

ЕИП од МТВ ќе спроведува јавни консултации преку организирање на настани за јавни расправи. За таа цел, пакетот за објавување на проекти треба да биде подготвен и да ги содржи следниве документи:

***Пакет за објавување за нацрт верзии на РУЖСОА и РПР:***

- **Јавна објава за организирање на јавни расправи за подготвени *РУЖСОА и РПР* (објавени во два весници на македонски и албански јазик, на веб-страницата на МТВ);**
- **Нацрт верзија на документите *РУЖСОА и РПР*;**
- **Агенда за настани со јавни расправи;**
- **Записник за состаноци од организираниот настан за јавна расправа;**

- **Конечна верзија на РУЖСОА и РПР, вклучително и записникот за состаноци од настанот за јавна расправа, Список на учесници и јавни соопштенија.**

***Пакет за објавување за нацрт верзијата на документот за План за управување со Животна Средина и Општествени Аспекти (ПУЖСОА):***

- **Јавна објава за организирање на јавни расправи за подготвениот документ за ПУЖСОА;**
- **Нацрт верзија на План за управување на Животна Средина и Општествени Аспекти (ПУЖСОА) изработена за секој под-проект;**
- **Формулар за доставување специфични коментари и предлози за ПУЖСОА документот;**
- **Агенда за настани со јавни расправи;**
- **Записник за состаноци од организираниот настан за јавна расправа;**
- **Конечна верзија на документот ПУЖСОА, вклучувајќи го записникот за јавна расправа, Список на учесници и јавен оглас;**
- **Образец за жалби што треба да се користи за време на изградбата на под-проектот.**

***Пакет за објавување за нацрт верзии ПУЖСОА списокот за проекти со умерени ризици / влијанија:***

- **Нацрт-верзија на ПУЖСОА со листа за проверка документот изготвен за секој под-проект;**
- **Образец за доставување коментари и предлози за ПУЖСОА со листа за проверка;**
- **Конечна верзија на ПУЖСОА со листа за проверка врз основа на применените коментари од засегнатите страни;**
- **Образец за жалби што треба да се користи за време на изградбата на под-проектот;**

Пакетот за објавување (Слика 4) ќе биде јавно достапен на македонски и за некои под-проекти на албански јазик веднаш по неговата достапност, на веб-страниците на соодветните општини (на чија територија ќе се реализира Проектот) и МТВ( (www.mtc.gov.mk/)).

По периодот од 14 дена за доставување коментари за подготвените документи (РУЖСОА и ПРП / *ПУЖСОА* /*ПУЖСОА со листа за проверка*) и по спроведената јавна расправа за РУЖСОА и ПРП и *ПУЖСОА*, доставените коментари ќе бидат вклучени во конечната верзија на соодветниот документ и објавени на веб-страницата МТВ.




**Слика 4 Пакет за објавување на секој документ за Животна средина си општествени аспекти развиени под проектот *ПУЖСОА***

# 7 Механизам за поплаки

Во согласност со барањето за ESS10 на светската банка, посебен механизам за поплаки за овој проект ќе биде составен. Посветени материјали за комуникација (памфлети за МП, постери) ќе бидат направени со цел да му помогнат на локалното население да се запознае со процедурите на механизам за поплаки за надоместок на штета. Ќе биде изработен прирачник за механизмот за поплаки за надоместок на штета исто така ќе бидат поставени и кутии за поплаки во сите опфатени општини. Со цел да се следат поплаките предизвикани од проектните активности планиран е Информатички Систем/дата база/записник. Веб страната на ЕИП МТВ ќе содржи информации за тоа како да се поднесат прашања, коментари, загрижености и жалби од стана на било која загрижена страна и ќе постои можност за поднесување жалби електронски. Ќе содржи и информации за работењето на комитетот за жалбениот механизам за надоместок во однос на процесот и роковите.

ЕИП МТВ ќе спроведе механизам за поплаки за да обезбеди дека тој одговара на сите грижи и поплаки, особено од засегнатите страни и заедниците. Механизмот за поплаки ќе се примени за да се осигура дека ЕИП/Изведувачот е одговорен за било какви грижи и поплаки особено од засегнатите страни и заедници.

ЕИП ќе ги следи следните чекори за да се справи со поплаката:




Било какви коментари или загрижености може да се достават до компанијата вербално или писмено (по пошта или електронска пошта) или со пополнување на образец за поплаки. Образецот за поплаки ќе биде достапен во канцелариите на општините кои се лесно достапни за сите релевантни заинтересирани страни, заедно со описот на механизмот за поплаки, како и на градилиштата.

Ќе се употребува следната временска рамка:

- ✓ Писмена потврда за приемот на поплаката: во рок од 5 дена од приемот на поплаката;
- ✓ Предлог решение: во рок од 15 дена од приемот на поплаката.

Специјално номинираните и обучени членови на персоналот ќе ги евидентираат информациите за поплаки во дневникот за поплаки. Ова ќе вклучува:

- Име на засегнатите страни и детали за контакт;

- Детали за поплаката и како и кога била доставена, потврдена, одговорена и затворена.

За секој ПУЖССА и ПУЖССА со листа на проверка ЕИП во рамките на МТВ ќе воспостави **Формулар за доставување коментари и предлози на** ПУЖССА **/** ПУЖССА Листа на проверка (Анекс 1) и формуларот ќе биде објавен заедно со подготвениот ПУЖССА за секоја општина.

Заради добивање коментари од засегнатите страни, ЕИП ќе формира **Образец за Поплаки за фазата на изградба на проектот** што ќе биде достапен во печатена и електронска форма. Печатената верзија ќе биде достапна на градилиштата во секоја општина каде што се извршуваат градежните активности.

Образецот за поплаки за фазата на изградба на проектот (Анекс 2) ќе биде поставен на:

- Веб страните на МТВ (http://www.mtc.gov.mk) и на општините каде ќе се одвиваат проектните активности; и
- Достапни печатени примероци во просториите на соодветните општини (кога ќе започнат градежните активности) и просториите на месните заедници, лоцирани во близина на проектните области.

Поплаката може да се достави директно до Изведувачот кој ќе ги испрати сите такви примени грижи / коментари до ЕИП без одложување за да му овозможи на ЕИП (во рамките на МТВ) да ги обработи понатамошните проблеми / коментари (т.е. да ги верификува, признае и одговори на поплаките во временските рамки дефинирани подолу). Изведувачот е должен да му го предаде Проектот за поплаки - да го објасни механизмот за поплаки на засегнатиот граѓанин(и)/локалното население и да го проследи пополнетиот образец за поплаки до ЕИП, но и да ги преземе сите предложени корективни активности за да реагира на примените поплаки.

Сите поплаки ќе бидат проверени од страна на ЕИП во Регистарот на поплаки и ќе им биде доделен број и ќе бидат признаени во рок од 15 календарски дена (табелата за процесирање на поплаки е дадена во Анекс Д). Регистарот ќе ги има сите потребни елементи за да се поделат поплаките по пол на лицето што ја доставува, како и по видот на поплака. Секоја поплака ќе биде заверена во регистарот со следниве информации: а) опис на поплака, б) датум на прием на поплака и кога потврдата ќе се врати на подносителот на барањето; в) опис на преземените активности (истрага, корективни мерки и превентивни мерки); г) датум на разрешување и завршување на повратни информации за подносителот на барањето.

Во случаи кога поплаката / жалбата е неодредена или не е доволно јасна, ЕИП ќе помогне и ќе дава совети при формулирање / дополнување на поплаката, за да може истата да стане јасна, бидејќи ЕИП работи во најдобри интереси на лицата погодени од Проектот.

Доколку ЕИП не е во можност да одговори на проблемите покренати со непосредни корективни активности, ќе бидат идентификувани долгорочни корективни активности. Подносителот на пријавата ќе биде информиран за предложените корективни активности и следење на корективните активности во рок од 25 календарски дена по признавањето на поплаката. Во ситуација кога ЕИП не може да го реши конкретното прашање потврдено преку механизмот за поплаки или ако не е потребно дејствување, ќе обезбеди детално објаснување / оправдување за тоа зошто не е решено прашањето.

Одговорот, исто така, ќе содржи објаснување за тоа како лицето / организацијата што ја покренала поплаката може да продолжи со постапката на поплаката во случај исходот да не биде задоволителен. Во секое време, подносителите можат да бараат други правни решенија во согласност со законската рамка на Република Северна Македонија, вклучително и формална судска жалба.

За работниците, кои ќе бидат ангажирани за спроведување на проектните активности, ќе биде достапен посебен механизам за поплаки.

Процесот е прикажан на следната слика.




**Слика5**Чекори во постапката за поплаки

*Информативни табли во општините и градилиштата*

Информационите табли во секоја општина ќе им обезбедат на локалните жители информации за активностите за вклучување на засегнатите страни, ажурирања за изградба, детали за контакт за Изведувачи и сл. Изведувачи ќе постават биро / кутии за информации, на градилиштата на видливи и лесно достапни места каде можат да се споделуваат информации за проектот и да се примаат поплаки.

## 7.1 Дневник за поплаки

Фокусните точки на жалба ќе одржуваат локални дневници за поплаки за да се погрижат секоја поплака да има индивидуален референтен број и соодветно да се следи и да се завршат евидентираните активности. При добивање повратни информации, вклучително и поплаки, дефинирано е следново:

- Вид на жалба;
- Категорија на жалба;
- Лица одговорни за извршување на жалбата;
- Рок на решавање на жалбата;
- Договорен акционен план.

ЕИП Експертот за Социјални и Општествени Аспекти и фокусните точки ќе обезбедат дека секоја поплака има индивидуален референтен број и соодветно се следи и евидентирани се завршените активности. Дневникот треба да ги содржи следниве информации:

- Име на PAP, неговата / нејзината локација и деталите за неговата / нејзината жалба;
- Датум на пријавување по жалбата;
- Датум кога пријавата за жалби беше поставена на базата на податоци на проектот;
- Детали за предложените корективни активности, име на органот за одобрување;
- Датум кога предложената корективна акција е испратена до подносителот на жалбата (доколку е соодветно);
- Детали за состанокот на Комисијата за жалби (доколку е соодветно);
- Датум кога жалбата е затворена;
- Датум кога одговорот е испратен до подносителот на жалбата.

## 7.2 Следење и известување за поплаки

Следењето и евалуацијата на процесот на засегнатите страни е важно за да се обезбеди дека МТВ може да одговори на утврдените проблеми и да го измени распоредот и природата на активностите на ангажман за да ги направи поефикасни. Следните карактеристики / обврски / активности ќе помогнат во постигнување на успешен ангажман:

- Доволно ресурси за преземање на ангажманот;
- Инклузивност (вклучување на клучните групи) на интеракција со засегнатите страни;
- Промоција на вклучување на засегнатите страни;

- Чувство на доверба во МТВ прикажано од сите засегнати страни;
- Јасно дефинирани пристапи; и
- Транспарентност во сите активности.

ЕИП има обврска да подготви извештаи за мониторинг.
Првиот извештај ќе биде Полугодишен извештај за животна средина и социјалните аспекти и извештаи од јавните расправи.
Теренските координатори ќе бидат одговорни за:

- Собирање на податоци од градилиштата за бројот, содржината и статусот на поплаки и нивно поставување во единствената регионална база на податоци;
- Одржување на дневникот за поплаки на регионално ниво;
- Следење на нерешени проблеми и предлагање мерки за нивно решавање;
- Доставување на квартални извештаи за механизмите за поплаки за надоместок до ЕСОА предложен од ЕИП.

ЕСОА предложен од ЕИП ќе биде одговорен за:

- Сумирање и анализирање на квалитативните податоци добиени од теренските координатори за бројот, суштината и статусот на поплаки и нивно поставување во единствената база на податоци на проектот;
- Следење на нерешени проблеми и предлагање мерки за нивно решавање;
- Доставување на квартални извештаи за механизмите за поплаки за надоместок до ЕСОА предложен од ЕИП.

ЕИП во рамките на МТВ ќе поднесува извештаи двапати годишно до Светска Банка, кои ќе вклучуваат дел за механизмите за поплаки за надоместок кој обезбедува ажурирани информации за следното:

- Статус на имплементација на механизмите за поплаки за надоместок (процедури, обука, кампањи за подигнување на јавната свест, буџетирање и сл.);
- Квалитативни податоци за бројот на примени поплаки \ (апликации, предлози, поплаки, барања, позитивни повратни информации), истакнувајќи ги оние поплаки поврзани со СБ ESS 2 и 5 и број на решени поплаки;
- Квантитативни податоци за видот на поплаки и одговори, обезбедени прашања и жалби што остануваат нерешени;
- Ниво на задоволство од преземените мерки (одговор);
- Преземени какви било мерки за корекција.

Раководител за односи со заедницата / директорот за врски, доколку е ангажиран, ќе биде одговорен за:

- Воспоставување добри односи со сите идентификувани засегнати страни;
- Организирање на јавни расправи за под-проекти;

- Известување за коментарите на засегнатите страни за под-проекти и водење записи од нивните жалби;
- Подготовка на полугодишни извештаи и доставување на истите кај директорот на проектот.

ЕИП ќе биде одговорна за следење на сите активности за вклучување на засегнатите страни поврзани со Проектот, обезбедување на исполнување и ажурирање на оваа ПВЗС и известување до засегнатите страни.

### 7.3 Систем за надомест на жалби на Светска банка

Заедниците и лицата кои веруваат дека проектот има негативно влијание врз нив се поддржани од Светска банка (СБ), тие можат да поднесат поплаки до постојните механизмите за поплаки за надоместок на ниво на проект или услугата за надомест на поплаки на Светска банка (УНП). УНП гарантира дека примените поплаки веднаш се разгледуваат со цел да се решат проблемите поврзани со проектот. Заедниците и поединците погодени од проектот можат да поднесат жалба до независниот инспекциски панел на СБ, кој утврдува дали настанала штета или може да се случи, како резултат на непочитување на СБ со своите политики и процедури. Жалбите можат да бидат поднесени во секое време директно до Светската банка, а на раководството на Банката муе дадена можност да одговори. За информации за тоа како да се поднесат поплаки до корпоративната услуга за надомест на поплаки на Светската банка (УНП), посетете ја

*http://www.worldbank.org/en/projects-operations/products-and-services/grievance-redress-service*. За информации за тоа како да се поднесат поплаки до Инспекцискиот панел на Светска банка, посетете ја*www.inspectionpanel.org.*

## 8 Аранжмани за спроведување за вклучување на засегнатите страни

### 8.1 Аранжмани за спроведување

Спроведувањето на ПВЗС ќе се спроведе преку Единицата за управување на проектот (ЕИП). ЕИП е предводена од директорот на проектот, кој е одговорен за целокупната имплементација на ППЛП. ЕСОА предложен од ЕИПе одговорно лице за спроведување на ПВЗС во текот на целиот циклус на Проектот и е одговорно лице за комуникација со заедниците. Одговорно лице за односи со заедницата треба да биде назначено, доколку е потребно, да му помогне на ЕСОА предложен од ЕИП, надлежен за комуникација со засегнатите страни.

Од сите изведувачи одговорни за извршување на специфични активности на Проектот исто така ќе се бара да ги спроведат релевантните одредби на ПВЗС. Барањата за механизам за поплаки ќе бидат утврдени во тендерската документација и договорите потпишани со изведувачите.

### 8.2 Улоги и одговорности

Управувањето, координацијата и спроведувањето на ПВЗС и нејзините интегрални задачи ќе бидат одговорност на ЕСОА предложен од ЕИП.

**Табела3Услов за анализа на засегнатите страни и комуникација**

| Идентификувана засегната страна | Специфични теми или интереси | Комуникација и цел на ангажман | Комуникација и методи на ангажман |
|---|---|---|---|
| **Изведувачи и подизведувачи** | Засегнатите страни со големо значење за успехот на Проектот, кои се директно или индиректно ангажирани во спроведувањето на Проектот.<br>Следните прашања треба да се разговараат со вработените и изведувачите / подизведувачите: здравје и безбедност при работа (ЛЗО за сите лица на лице место, лиценца за работа или управување со специфични возила, обуки за прва помош, комплети за прва помош на лице место, опрема за противпожарна заштита и друго). ), здравје и безбедност на заедницата (брзина на возење, безбедност на возилото, бучна механизација, итн.) | Обезбедување на кодекс на однесување на проектот и прописи за безбедност и здравје при работа, барања за заштита на животната средина | • Информации преку тендерска постапка и договори<br>• Комуникација преку инженери за надзор<br>• Разговори на градилишта на теми за здравје и безбедност<br>• Месечни извештаи за напредокот на работите што треба да ги достават изведувачите за време на градежните работи<br>• Обуки |
| **Локалните жители во близина на планираните под-проекти** | За време на изградбата, машините и тешките возила на локалните патишта ќе создадат бучава што може привремено да влијае на локалното население.<br><br>Транспортот и безбедноста во сообраќајот треба да се дискутираат со локалните жители и за начинот на возење и безбедноста на вработените и изведувачите од возилата | Обезбедување навремени информации за ризици и нарушувања поврзани со изградбата и работењето. | • Состанок за јавни консултации и индивидуални состаноци по потреба<br>• Објавување информации за обемот, времето и времетраењето на планираните работи и какви било очекувани нарушувања и непријатности на таблата во канцелариите на соодветните општини и на нивните веб-страници, најмалку две недели пред почетокот на какви било градежни работи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Релевантни владини органи, министерства и јавни институции** | Издавање дозволи, согласности и мислења во согласност со локалното законодавство, контрола на усогласеноста со локалното законодавство | Консултации со релевантни владини органи за активности на Проектот во рамките на постапките за дозволи<br>Известување засновано врз барањата на националното законодавство | • Како што е дефинирано со националното законодавство |
| **Заинтересирани невладини организации (НО)** | Засегнатите страни со големо значење за успехот на Проектот, кои се заинтересирани за заштита на животната средина и здравјето на луѓето. На сите ќе им се даде можност да ги искажат своите мислења или проблеми во текот на подготовката и имплементацијата на Проектот.<br>Белешка: Секоја организација заинтересирана за Проектот може да ги испрати своите контакт детали до ЕИП за да бидат вклучени во Табелата на невладини организации и да бидат директно известени за настаните во проектот. | Обезбедување навремена информација, комуникација и консултации | • Состаноци за јавни консултации и индивидуални консултативни состаноци по потреба<br>• Директна комуникација преку е-пошта<br>• Соопштенија за медиуми |

# 9 Функции за управување

Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија е главната одговорна институција за спроведување на Проектот за поврзување на локалните патишта.

Единицата за управувањесо проектот (ЕИП) е основана со цел спроведување на ППЛП и истата е лоцирана во просториите на Министерството за транспорт и врски, вработени се: експерти / специјалисти како градежни инженери, експерти зазаштитни мерки за да обезбедат помош во областа на животната средина и социјалните прашања поврзани со заштитните мерки, фидуцијарен персонал (експерти за набавки и финансиски експерти) итн., ЕИП е одговорна за целокупната имплементација на ППЛП, планирање и координација на проектот, набавка, следење на проектните активности и известување.

Самостоен Експерт за Социјални и Општествени Аспекти ангажиран од страна на ЕИПза целиот период на реализација на проектот. ЕСОА е одговорен за обезбедување на соодветно управување со животната средина за сите активности на ППЛП, ќе спроведе надзор врз животната средина со спроведување на прегледи на документи, посети на терен и интервјуа со Изведувачот, градежните супервизори (доколку има) и персоналот на општината. ЕСОА е одговорен за прегледување на целата документација за заштита на животната средина (специфични ПУЖССА) доставена од поддржувачи на под-проект, давање препораки, советување за категоријата под-проекти, совети за квалитетот и расчистување на документацијата за заштита на животната средина во име на ЕИП.

Управувањето, координацијата и спроведувањето на ПВЗС и нејзините интегрални задачи ќе бидат одговорност на ЕСОА. Главни задачи за ЕСОА- одговорно лице за спроведување на ПВЗС:

- Имплементација на Планот за вклучување на засегнатите страни (ППЛП). ЕСОА презентира информации за проектот и прима какви било проблеми или поплаки во заедницата (обрасци за жалби);
- Олеснување на сите настани за вклучување на засегнатите страни и објавување на материјал за поддршка на настани за вклучување на засегнатите страни;
- Учествува во текот на сите лице в лице состаноци со засегнатите страни;
- Подготовка на записник за состаноци од сите настани за ангажмани; и
- Одржување на базата на податоци на засегнатите страни.
- Одржувањена резултатите од редовните состаноци и примените специфични поплаки. Базата на податоци за поплаки треба редовно да се одржува со сите примени поплаки / како се адресирани и / или решени загриженостите / жалбите, итн.
- Подготвување периодични извештаи за тековниот статус со имплементација на ПВЗС до тимот за управување со проектот;

**Прилог 1** Образец за поднесување коментари

**Формулар за доставување коментари и предлози за (ПУЖССА / ПУЖССАЛиста со проверка)**

**Главен опис на проектот**

**Електронска верзија и тврда копија на (Име на документот) се достапни на:**

- Предлагач на под-проект (веб-страница)
- Одбор за известување за предлог-проекти за под-проект
  Лице за контакт:
  Адреса:
  Телефонски број:
  е-пошта:
- Проектна канцеларија СБ(веб-страница)
  Лице за контакт:
  Адреса:
  Телефонски број:
  е-пошта:

**Доколку имате какви било коментари / предлози или измени на предложените мерки на (Име на документот), ве молиме доставете го на одговорните лица од Списокот во рок од 14 дена по објавувањето на (Име на документот)**
**(датум на објавување: …….)**

**Ве молиме, доставете ги вашите коментари (сиви полиња) за подобрување на (Име на документот) доставете на споменатите е-пошти на одговорните лица за реализација на проектот (одговорно лице за ЕИП за комуникација со засегнатите страни)**

**Референтен број: ________________________________**
(пополнети од страна на одговорните лица за спроведување на проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:** ______________________________ **Телефон:** ______________________________ |
| **Коментар:** | |
| **Потпис** ______________________ | **Дата** ____________________ |

Annex1Образец за жалби за фаза на градба на проектот

| **Референтен број** | |
|---|---|
| **Целосно име (изборно)**<br>☐ **Сакам да ја подигнам жалбата анонимно.**<br>☐ **Барам да не го откривам мојот идентитет без моја согласност.** | |
| **Контакт информации**<br><br>**Означете како сакате да бидете контактирани (пошта, телефон, е-пошта).** | ☐ **По пошта:** ***Ве молиме наведете адреса за испраќање:*** ________________________________________________________________________________________________________________________________________________________<br>☐ **По телефон:** ________________________________________________<br>☐ **По е-пошта:** |
| **Претпочитан јазик на комуникација** | ☐ **Македонски**<br>☐ **Албански**<br>☐ **Друг:** ___________________ |
| **Пол** | ☐ **Женски**<br>☐ **Машки** |
| | |
| **Опис на Инцидент / поплака** | Што се случи? Каде се случи? Со кого се случи? Кој е резултатот од проблемот? |
| | |
| **Датум на инцидент / поплака** | |
| | ☐ **Еднократен инцидент / поплака (дата _______________)**<br>☐ **Се случи повеќе од еднаш (колку пати? _____)**<br>☐ **Тековно (во моментов се соочуваат со проблем)** |
| | |
| **Што би сакале да видите да се случи?** | |
| | |

Потпис: ______________________________

Дата: ______________________________

*Ве молиме вратете го овој образец на:*

*Внимание:* ________________

*Е-пошта:* ______________________

*Проект за поврзување на локалните патишта*

*Министерство за транспорт и врски*

*Св. Даме Груев 6.1000 Скопје, Р. Н. Македонија*